ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

ЕВРОПСКИ ИНСТИТУТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

Злата Ѓуроска Брајовиќ | Ден 1 |
Скопје, Северна Македонија

Родово-чувствителен превод

Nikola lived in a house owned by a friend of the family. It was big and comfortable, with a huge lounge that was suitable to practice the drums whenever free, but also professionally, to rehearse with fellow musicians, when needed. The pandemic was particularly hard for musicians in Prague, and Nikola was no exception, despite of the great professional background and the most recent position held as a chief conductor of the Czech National Symphony Orchestra.

1. Колку и да е зафатен, пилотот мора секогаш да најде време да им се заблагодари на стјуардесите на крајот на секој лет.

1. Колку и да е зафатен, пилотот мора секогаш да најде време да му се заблагодари на кабинскиот персонал на крајот на секој лет.

2. Хилари и Бил Клинтон пристигнаа на настанот да ги примат своите награди.

2. Хилари Клинтон и Бил Клинтон пристигнаа на настанот да ги примат своите награди.

3. Деталите за трибината ќе ги утврдиме подоцна, во договор со госпоѓа Ана Ѓуроска, кандидат за градоначалник на Партијата на зелените.

3. Деталите за трибината ќе ги утврдиме подоцна, во договор со госпоѓа Ана Ѓуроска, кандидатка за градоначалничка на Партијата на зелените.

4. Патот по кој одеа нашите и дедовци и татковци нè води и денес кон подобра држава.

4. Патот по кој одеа нашите претци нè води и денес кон подобра држава.

5. КОЈА СУМ ЈАС?

Жителка на Центар од својата 12 година. Преведувач и толкувач повеќе од 20 години. Магистер по европски студии. Пред да станам „freelancer“ имам работено во образование, во државна администрација и во невладиниот сектор. Мојата професија ми нуди ширина, пристап до мноштво информации од најразлични области и контакти со најразлични луѓе од сите можни сфери и слоеви на општеството. Секако тоа не ме прави експерт за сè, напротив знам дека не знам сè и дека постојано мора да учиме и да се бидеме отворени за нови и различни идеи.

5. КОЈА СУМ ЈАС?

Жителка на Центар од својата 12 година. Преведувачка и толкувачка повеќе од 20 години. Магистерка по европски студии. (...повеќе од 20 години, со магистратура од областа европски студии.) Пред да станам „freelancer“ имам работено во образование, во државна администрација и во невладиниот сектор. Мојата професија ми нуди ширина, пристап до мноштво информации од најразлични области и контакти со најразлични луѓе од сите можни сфери и слоеви на општеството. Секако тоа не ме прави експертка за сè, напротив знам дека не знам сè и дека постојано мора да учиме и да се бидеме отворени за нови и различни идеи.

6. Поранешната пратеничка од Струмица, Цветанка Иванова, денеска со 58 гласа „за“ е избрана за нов генерален секретар на Собранието на Република Македонија. Претходно, пратениците го разрешија досегашниот секретар, Жарко Денковски.

6. Поранешната пратеничка од Струмица, Цветанка Иванова, денеска со 58 гласа „за“ е избрана за Генерална Секретарка на Собранието на Република Македонија. Претходно, пратениците го разрешија досегашниот секретар, Жарко Денковски.

7. ТЕУТА АРИФИ
Градоначалник на Тетово

Др. Теута Арифи дипломирала на филолошки науки на Универзитетот во Приштина во 1991 година, во 1995 магистрирала филозофија на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, Македонија. Докторирала на филолошки науки на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.
Таа во јули 2011 година беше избрана за заменик-премиер на Република Македонија задолжена за европски прашања. Др.Теута Арифи има широка политичка позадина, бидејќи таа беше првата жена Албанка која беше избрана од страна на собранието на Република Македонија во 2002 година.Таа е раизбрана за член на парламентот во 2006, 2008 и 2011 година.Како член на парламентот таа извршува низа задачи вклучувајќи ја функцијата претседател на Комисијата за надворешни работи, претседател на комисијата за култура и член на делегацијата на собранието на Република Македонија во Советот на Европа и шеф на делегацијата на собранието во НАТО.Таа исто така е и потпретседател на Демократската унија за интеграција (ДУИ), главната албанска политичка партија во Македонија на Албанците.

7. ТЕУТА АРИФИ

Градоначалничка на Тетово

Д-р. Теута Арифи дипломирала на филолошки науки на Универзитетот во Приштина во 1991 година, во 1995 магистрирала филозофија на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје, Македонија. Докторирала на филолошки науки на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје.

Таа во јули 2011 година беше избрана за заменикчка-премиерка на Република Македонија задолжена за европски прашања. Др.Теута Арифи има широка политичка позадина, бидејќи таа беше првата жена Албанка која беше избрана од страна на собранието на Република Македонија во 2002 година.Таа е раизбрана за членка на парламентот/пратеничка во 2006, 2008 и 2011 година.Како членка на парламентот/пратеничка таа извршува низа задачи вклучувајќи ја функцијата претседателка на Комисијата за надворешни работи, претседателка на комисијата за култура и членка на делегацијата на собранието на Република Македонија во Советот на Европа и шефица на делегацијата на собранието во НАТО. Таа исто така е и потпретседателка на Демократската унија за интеграција (ДУИ), главната албанска политичка партија во Македонија на Албанците.

8. Нема да дозволам неколку криминалци, суетен новинар и, да ми извини ЛГБТ заедницата, еден педер да ја срушат Владата.

8. Нема да дозволам неколку криминалци, суетен новинар и ~~да ми извини ЛГБТ заедницата, еден педер /еден хомосексуалец~~ една ситна душа/расипан/корумпиран човек да ја срушат Владата.